**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Шеесет и седмата седница на**
**Собранието на Република Македонија**
**одржана на 31 јануари 2001 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија
(сала број 1) со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, почитувани гости, ја отворам Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, г-дин Борис Трајковски, претседателот на Владата на Република Македонија г-дин Љубчо Георгиевски, членовите на Владата на РМ, претседателот на Уставниот суд на РМ, поранешниот претседател на РМ, г-дин Киро Глигоров претседателот на Врховниот суд на РМ, претседателот на Републичкиот судски совет, јавниот обвинител на РМ, народниот правобранител, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, ректорите на универзитетите "Св. Кирил и Методи" во Скопје и "Св. Климент Охридски" во Битола, поглаварот на Македонската православна црква, претседателот на Исламската верска заедница во РМ, бискупот на Скопско-Призренската Бискупија, началникот Генерал штабот на Армијата на РМ, шефовите на странските дипломатско - конзуларни мисии акредитирани во РМ и претседателот на Еврејската заедница за РМ.

Дозволете ми од мое и ваше име да ги поздравам присутните гости.

(Поздравен говор на претседателот на Собранието).

Почитуван професор Ели Визел, екселенции, дами и г-да.

Имам чест од името на Собранието на РМ и свое име да го поздравам почитуваниот добитник на Нобеловата награда за мир професорот Визел. Се собравме на оваа седница да изразиме почит на неговата личност и ангажман што е од интерес за човештвото, хуманоста и градењето на нови визии во односите меѓу луѓето. Познати се залагањата на професор Визел што се искажани во осудата на нацизмот и во заштитата на човечкото достоинство и правото на живот. Неговите ангажирања во осудата на холокаустот како и во меморијалното одбележување на овие трагични настани што човештвото не треба никогаш да ги заборави се достојни за почит и длабок респект од сите нации во светот. Неговата мисија е особено изразена и почитувана во САД и многу европски земји. Македонскиот народ одсекогаш имал добри односи и соработка со еврејскиот народ со кој има многу сличности и историски врски и пријателства. Ние бевме на истата страна во најтешките мигови за човештвото и се боревме против фашизмот, против злото и заканата за човештвото. Оваа борба проф. Визел и натаму ја продолжува преку своите литературни дело и со учеството во решавањето на сложени прашања на меѓународен план. Во тие рамки проф. Визел даде личен придонес во решавањето на кризата со бегалците во РМ и сеуште ги гледа настаните кај нас и во регионот залагајќи се за мирно решавање на проблемите и за почитување на човековите права. Ни причинува посебна чест што еден еминентен филозоф, научник, писател и угледен граѓанин на САД и на светот ќе биде претседател на Меѓународниот комитет за изградба на Македонскиот меморијален центар за холокаустот во Скопје. Со изградбата на овој центар ќе влеземе во кругот на народите и земјите кои на достоинствен начин го одбележуваат споменот на жртвите на холокаустот. Во личноста на г-дин Визел кој и самиот ја поминал голготата на својот народ во логорите на смртта, го имаме најугледниот познавач на оваа област што е прикажано и во неговите книги со светско реноме. Од таму поддршката што тој и ја дава на оваа изградба ја цениме како придонес во искоренувањето на антисимитизмот и нетолеранцијата воопшто меѓу луѓето, како и за јакнењето на врските меѓу народите од светот.

Професоре Визел, Ве поканувам да се обратите пред пратениците на Собранието на РМ и пред македонската јавност. (Аплауз).

**ЕЛИ ВИЗЕЛ:**

Г-дин претседателе, г-дине премиер, министре за надворешни работи, министре за култура, членови на ова возвишено тело, амбасадори, пријатели.

Припаѓам на една традиција која што верува во доблеста на благодарноста и затоа би сакал да ви се заблагодарам за

големата чест што ми ја укажавте сега со тоа што ме поканивте да зборувам пред вас за она што е за сите нас заедничко, потрага по сеќавање и надеж. Ниедна нација ниту еден народ неможе да живее без нив. Зашто, мојата прва благодарност оди кон вас, луѓето од Македонија што му помогнавте на американскиот народ и неговите сојузници во текот на Косовската трагедија со тоа што прифативте невини бегалци кои дојдоа од тоа трагично и измачено место. Тогаш бев тука како пратеник на претседателот Клинтон одев од камп до камп од утро до вечер, само да ги слушам ужасите и страдањата на тие места. Сигурен сум дека мојот пријател американскиот амбасадор мора да ви ја изрази благодарноста што ние ја чувствуваме во Америка за вас, за вашето човечко чувство на болка и вашата спремност да работите со сите нас, за да може таа болка и да биде намалена и до колку е можно да биде елиминирана. Исто така сакам да Ви се заблагодарам за вашата љубезна, великодушна, значителна помош што ја пруживте на еврејската заедница во Македонија. Ова е мала заедница и секој член на таа заедница има стории за раскажување.

Секој член на таа заедница чувствува дека она што вие сте го преживеале во текот на германската окупација мора да биде запаметено. Вашиот однос кон таа заедница ви носи чест и сигурен сум и се надевам дека ќе продолжи. Ви зборувам вам како евреин и како американец.

Евреинот во мене е уште од мојата младост, голем обожавател на вашиот крај Александар Велики, дали велик поради неговата генијалност војсководец? Можеби. Но студентот во мене чувствува дека тој бил велик, бидејќи тој бил ученик на Аристотел. Да се биде ученик на тој голем филозоф, но јас му завидувам. Би сакал да бев на негово место, но ја сум на неговото место, а исто и вие како и секој студент на филозофија. Секогаш кога го учиме Аристотел, стануваме Александар Велики, без териториjалното освојување. Неговиот сон мора да бил не само да освојува земји блиски и далечни туку теории на умот. Колку политички лидери имаме денес кои што учат од големите учители не само знаењето за моќта туку моќта на знаење.

Како Евреин ги обожувам нашите легенди пренесувани низ нашата талмутска литература како и во делата во Фило од Александрија и Флавиј. Сите тие пишуваа за пријателскиот однос за Александар Велики кон мојот народ. Тој им дал привилегии не само во нивната земја туку во целата грчка дијаспора. Дали е тоа причината што јас ја прифатив вашата великодушна покана да бидам тука денеска да ја искажам мојата благодарност вам генерално но и на нашето заедничко минато. Се надевам дека не очекувате од мене да пренесам политичка порака. Јас не сум политички научник, никогаш не сум се кандидирал. Јас се претставувам само себе си, а херои се само личностите кои јас ги опишувам во моите романи. Мое поле се литературата и филозофијата. Во новелите и есеите јас се обидувам да ги пренесам, со зборови кои што секогаш мислам дека се несоодветни, не толку многу моите лични искуства од векот на насилство кој штотуку заврши, колку нивните морални последици и примени и неколку клучни зборови доминираат во тие мои напори.

Прво, спротивно на она што се чини како општо гледиште - страдањето кој е првиот збор од многуте. Страдањето не познава никакви привилегии. Не смеам и неможам да кажам дека господ и историјата ми должат нешто, затоа што сум страдал. Се зависи од она што човек ќе го стори со тоа страдање. Ако јас го злоупотребам тоа за да го проширам неговото царство и при тоа му нанесам страдање на некој друг со тоа го изневерувам сопственото страдање.

Да го парафризирам Достоевски: "ќе му дадам вредност на моето страдање само ако направам нешто продуктивно, нешто креативно, дури нешто што избавливо". Со други зборови тоа што јас сум страдал не значи дека и други треба да страдаат, туку напротив, поради јас сум страдал другите не смеат да страдаат.

Вториот збор е солидарност. Тоа е збор од мојот личен вокабулар, бидејќи од она што се случи во најтемниот период научивме дека кога една заедница е погодена, страдаат сите. Ако една група е подложена на осуди и немири тоа ме засега и мене исто така. Океаните и границите не се повеќе бариери како порано. Доколку некој е лишен од храна или од сигурност, јас морам да бидам на негова или на нејзина страна, што значи секогаш на страната на угнетените, лишените од сопственост, болните, беспомошните со други зборови жртвите, жртви на општеството или жртви на неправдата, или жртви на природата и тоа сигурно се однесува на третиот збор на мојот вокабулар - слобода. Најблагородниот од сите атрибути подеднакво даден на сите човечки суштества насекаде од сите религии, сите раси, од секакво потекло, или

од секакво верско или етничко потекло. Ропството по своја волја е казниво во светите книги, еминенцијата го знае тоа, зошто ропството по своја волја е казниво? Затоа што јас сум предодреден да бидам слободен но немам слобода да се откажам од сопствената слобода. Тоа не е се. Јас сум слободен не затоа што другите не се, слободен сум затоа што и другите се слободни. Затоа се додека некои други луѓе неправедно се лишени од својата слобода, мојата сопствена слобода е невредна.

Друг збор е надежта. Како што телото неможе да дише без соништа душата неможе да живее без надеж. Дури и во времиња на опасности и потреси, кога се чини дека нема надеж ние мораме да ја измислиме. Ние мораме да го замислиме Сизиф среќен. Можеме ли? Не сум сигурен. Но, ние можеме да измислиме причини за надеж. Како? Кога мислам само на себе многу често паѓам речиси во очај кога мислам на блиските, на семејството, на синот, на моите студенти, на моите пријатели, нови и стари откривам надеж. Немам избор.

Не сум овде да им дадам повод да паднат во очај. Овде сум да им дадам причини да го победат очајот.

И да ви дадам надеж вам, на вашата нација. Вие сте величествен пример на опстојување во историјата, за вашата млада а истовремено и стара нација, надеж да живее, економски помагана од големите сили вклучувајќи и САД, чиј горд жител сум јас, во услови во кои вашите граѓани ќе ги уживаат благодетите на демократијата, што веќе се применуваат. Тоа го гледам во вашето Собрание, или за Израел конечно да живее во мир со палестинските соседи, надеж дека луѓето на блискиот исток ќе прекинат со насилствата, крвопролевањата, понижувањето, омразата, како инструменти со кои сакаат да ја потврдат својата сувереност. Последниот збор е рамнодушност. Тоа претставува опасност најморалниот од сите библиски заповеди е: "Ти рамнодушен нема да бидеш, бидејќи јас сум твојот бог". Така гласи стихот од Библијата. Тоа значи дека како што Господ не е рамнодушен кон луѓето така и ние не смее да бидеме рамнодушни едни кон други. Ако јас сум рамнодушен кон болката на друг ќе станам рамнодушен и кон сопствената болка. Поради тоа ова е суштината, г-дине претседател и почитувани пратеници, тоа е суштината на мојата лична филозофија кажана во неколку збора. Спротивно на љубовта не омразата, туку рамнодушноста. Тоа се однесува и на други концепти. Спротивно на политичкиот цинизам, не е идеализмот а спротивно на идеализмот е рамнодушноста во политиката. Спротивно на знаењето не е незнаењето туку рамнодушноста. Спротивно на убавината не е грдотијата, туку рамнодушноста. Спротивно на креативноста не е медиокритетот, туку рамнодушноста. Спротивно на животот не е смртта, туку рамнодушноста кон животот и смртта, а спротивно на поезијата не фразеологијата туку рамнодушноста. Како да се победи рамнодушноста? Едноставно. Помислете на многуте последици од рамнодушноста и таа ќе биде разоружена. Но ако се сетиме на привлечноста и моќта на злото нема ни да паднеме во меланхолија? Само сетете се што големиот романсиер и филозоф на Франција Албер Ками, рекол на крајот на неговиот роман "Чума". На крај тој рекол: "Во човекот има многу повеќе работи кои треба да се слават, одколку да се омаловажуваат".

Ви благодарам. (Аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на професорот Ели Визел за неговото обраќање.

Ја заклучувам Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Со Шеесет и шестата седница ќе продолжиме во 14,00 часот.

(Седницата заврши во 12,35 часот).